Работна верзија Worcing papper

UDC 796 - 799 ISSN 1857-6885

ФУНТЕК

ФЕДЕРАЦИЈА НА УНИВЕРЗИТЕТСКИ НАСТАВНИЦИ ТРЕНЕРИ И ЕДУКАТОРИ ПО КИНЕЗИОЛОГИЈА

# НАУКА & СПОРТ

## СПИСАНИЕ ЗА НАУЧНИ И СТРУЧНИ ПРАШАЊА ОД ФИЗИЧКАТА КУЛТУРА И ВРВНИОТ СПОРТ

година 1 бр. 1 2009 стр. 1 - 242

*Ако планираш за една година, насеј жито.*
*Ако планираш за десет години, насади дрво.*
*Ако планираш за цел живот,*
*подучувај ги и образувај ги луѓето.*
*-Кинеска поговорка-*

# ЗАБЛУДИ ЗА ФИЗИЧКОТО ОБРАЗОВАНИЕ ВО ОДДЕЛЕНСКАТА НАСТАВА

**Душан Тодоровски** [1], **Попеска Билјана** [1]
[1]Педагошки факултет, Универзитет " Гоце Делчев „ Штип

***УДК : 37 . 091 . 3 : 796***

***Абстракт***
*Трудот се однесува на недореченостите во третирањето на подрачјето "физичко и здравствено образование". Заблудите се однесуваат на: стручната подготвеност на одделенските наставници, недостигот на модели за контрола врз исполнувањe на работните задачи, обврските на одговорните субјекти, како и се уште погрешните претстави за улогата на подрачјето "физичко и здравствено образование" во функција на интегралниот развој на децата.*
***Клучни зборови:*** *физичко и здравствено образование, наставници, контрола, несогласувања*

## ВОВЕД

Се чини дека тешко се воспоставува координација меѓу општествените барања и можностите на исполнување на тие барања. Голем број амбициозни програми, мали настојувања и технички можности за остварување на тие амбиции. Многубројни нови сали за спортски активности, но за кого? Сигурно не за физичко и здравствено образование во одделенската настава и градинките, односно избегнување на телесно вежбање на оние на кои најповеќе им е потребно.

Нема општествени активности во насока на барање на оптимални можности за задоволување на основните (биолошки) потреби за телесни активности на детско-младинската популација. Задоволувањето на таквите потреби, секако, се во функција на проблемот раст и развој на децата и младината. Само здраво израснати деца се иднина на спортот, а зачувување и подучување на здравјето на децата и учениците, не е само наш императив, туку и пред се е на општествената заедница.

*Прво размислување.* Често пати сведоци на констатацијата дека наставниците од одделенска настава не се целосно оспособени за квалитетна реализација на наставната програма по физичко и здравствено образование. Прашањето е: Врз основа на што се донесуваат ваквите констатации? Кој го насочува и подржува овој став?

На почеток, се оградуваме од актуелните, често, необмислени и крајно несериозни констатации за недоволната стручна подготвеност на идните наставници. Но, состојбите се реални и јасни. Денешните наставници во одделенската настава, во својот процес на едукација, подеднакво се вклучени по методиката на наставата по физичко образование како и по останатите методики, во однос на обемот, вниманието и процедурата на проверката на стекнатите знаења и оспособеноста за учеството во наставно-образовниот процес.

За оние кои не се упатени во оваа проблематка, идните одделенски наставници, односно студентите на Педагошкиот факултет, наставата подрачјето - физичко и здравствено образование - го апсолвираат со активности од предметите „Основи на физичко воспитување" со траење од 2 семестри и „Методика на настава по физичко образование" исто така во тек на 2 семестри. Се поставува прашањето: Од каде потекнува оваа толку раширена констатација. Во чија полза оди таа констатација која како таква ја сметаме, крајно неаргументирана.

*Второ размислување*

Ова размислување се однесува на веќе формираното (погрешно) мислење, дека планот на наставата по подрачјето, согласно тоа и наставната програма, со ништо не укажуваат дека станува збор за реално изводливи содржини за кои се смета дека се реално неизводливи во организациска смисла за било кој едуциран наставник.

Секоја организирана активност посредно или непосредно подлежи на внатрешна контрола. Се поставува прашањето; Колку пати директорите на училиштата извршиле увид во работата на наставниците во одделенската настава, во функцијата на сознанието колку се и почитуваат планот и програмата пропишани од државата. Во колку ги апстрахираме директорите–наши колеги, па дури некаде и нив, таква практика не егзистира.

Нашиот став е дека со години се толерира самоволието на наставниците од одделенската настава, односно нивното "несоодветно однесување; одземање на правото на децата да ги задоволуваат

своите биолошки потреби за телесни активности. На овој начин свесно, се бојкотираат наставниот план, без, во најмала рака, опоменати во форма на барање за исполнување на работните обврски. Не помала одговорност носта и директорите. Согласно нашите сознанија, нивна основна задача е да го менаџирааат наставно-образовниот и воспитниот процес, а сето останато се второстепени задолженија.

*Трето размислување*

Факторот дека недостасуваат објекти за реализација на наставните содржини, и можност за примена на овие содржини пред се, а потоа и опременоста на истите. Сведоци сме на секојдневни пофалби, дека постојано се прават напори за подобрување на состојбата со спортски објекти. Сите настојувања од овој тип се за пофалба. Покрај интензивните фалби, се послабо се поставува прашањето. Досега направените обиди одат во насока на решавање на проблемот-просторни услови за манифестациони акативности-спортот. Што станува со активности за изнаоѓање решение за обезбедување оптимални услови за наставата по физичко и здравствено образование.

Според наше размислување, пирамидата е поставена на глава. Врвниот спорт и за него услови-манифестации на достигнатото, зачувување и подобрување на здравјето на децата и учениците е сечиј приоритет. Само здрава и телесно изградена младина може, покрај општествени форми, да се бави со врвен спорт.

Во сегашните услови и таму кај што можат децата од одделенската настава да вежбаат на часовите по физичко и здравствено образование ги бркаат. Наставниците по предметна настава ги узурпирале објектите, и истите се даваат на користење на различни корисници за соодветен материјален надоместок, со што сите со исключок на тие на кои активноста им е најпотребна-малите деца, се надвор од новоизградените објекти. За таквата практика, за која, овој пат нема да говориме, говорат самите податоци: феноменот телесни деформитети и дебелина во детските возрасти е се поприсатен кој до скоро не беше изразен.

## ЗАКЛУЧОК

Нашиот став е дека е дојдено време да се прекине со реториката во која на несоодветен начин одредени структури се обидуваат да исконструираат на одреден начин, која не кореспондира со вистината, како што е: наставниците од одделенската настава не се целосно и доволн оспособени за успешна (квалитетна) реализација на содржините од физичкото и здравствено образование. Оваа несоодветност во функција на прикривање на не работа, а за тоа секогаш има санкции. Сите субјети кои се во улога на било каква контрола на квалитетот во испочитување на задачи од образовна природа.

Се наложува потребата, општеството да гради објекти согласно потребит и да ги опремува со соодветни справи и реквизити. Во објектите од овој тип, секојдневно да влегуваат деца од сите возрасти и да практикуваат насочени телесни активности во функција на здрав раст и развој–поволно влијание на сите димензии од психо-соматскиот статус, бидејќи само здраво израснато дете-ученик може да израсне во врвен спортист.

# DELUSION FOR PHYSICAL EDUCATION CLASS TEACHING

**Dusan Todorovski [1] Popeska Biljana [1]**
Pedagoski fakultet, Univerzitet "Goce Delcev", Stip[1]

*UDK : 37 . 091 . 3 : 796*

***Abstract***
*This is a text about disagreements and inappropriate approach to physical and health education. Disagreements refers to teachers professional qualifications, the lack of methods for control of accomplishments of working tasks, as well as wrong image for the function of physical and health education as an important factor for the children development process.*

***Key words**: physical and health education, teachers, lack of control, misunderstandings.*



**д-р Душан Тодоровски**
Педагошки факултет, Универзитет
" Гоце Делчев ,, Штип
е-пошта: dusan.todorovski@ugd.edu.mk

**м-р Попеска Билјана**
Педагошки факултет, Универзитет
" Гоце Делчев ,, Штип
е-пошта: bibimitevska@yahoo.com